# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЛОВНА ТАЈНА*

## ПРВ ДЕЛ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет и обем

### Член 1

(1) Со овој закон се уредува заштитата на деловната тајна од незаконско стекнување, користење и откривање.

(2) Одредбите во овој закон не влијаат на:

1) остварување на правото на слобода на изразување и информирање, вклучително и почитување на слободата на плурализмот на медиумите;

2) спроведување правила кои бараат, заради јавен интерес, носителите на деловна тајна да откријат информации, вклучително деловна тајна на јавноста или на управните или судските органи, со цел тие органи да ги извршуваат своите должности;

3) спроведување на националната правна легислатива, која бара или дозволува јавните институции и тела да откриваат информации депонирани од деловни субјекти во сопственост на тие институции, тела или органи;

4) самостојност на социјалните партнери и нивното право да склучуваат колективни договори во согласност со националните закони и практики.

(3) Одредбите од овој закон не може да претставуваат ограничување на слободното движење на вработените. Во однос на остварувањето на оваа слобода, законот не предвидува:

1) ограничување на употребата на информации од страна на вработените кои не се класифицирани како деловна тајна во согласност со дефиницијата во член 2 точка 1);

2) ограничување на користење на искуството и вештините што вработените соодветно ги стекнале за време на нивното работење кај работодавецот и

3) одредување на какви било дополнителни ограничувања на вработените во нивните договори за вработување, освен оние кои се одредени во согласност со законот.

### Дефиниции

### Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1) „деловна тајна“ е информација која ги исполнува следните услови:

---

* Со овој закон се врши усогласување со Директивата ЕУ 2016/943 за заштита на неоткриени знаења и искуства и трговски информации (деловни тајни) од незаконско прибавување, користење и објавувањвропе (Directive (EU) 2016/943 of the European Parliament and of the Council of 8 June 2016 on the protection of undisclosed know-how and business information (trade secrets) against their unlawful acquisition, use and disclosure)

- информација која како целина или во поглед на структурата и збирот на составните компоненти не е општо позната или лесно достапна на лицата кои во рамките на своите активности вообичаено доаѓаат во контакт со ваков вид на информации;

- има комерцијална вредност бидејки е тајна и

- лицето кое законски ги контролира информациите во дадените околности превзело разумни мерки за да ја зачува нејзината тајност.

2) „носител на деловна тајна“ е секое физичко или правно лице кое законски контролира деловна тајна;

3) „сторител на повреда“ е секое физичко или правно лице кое незаконски стекнало, користело или открило деловна тајна и

4) „стока со која е направена повредата“ е стока со чиј дизајн, карактеристики, функционирање, процес на производство или начин на ставање во промет се остварува значителна корист од незаконски стекната, користена или откриена деловна тајна.

(2) Информацијата од став (1) точка 1) од овој член опфаќа, меѓу другото, знаење и искуство, деловни информации и технолошки информации.

(3) Разумни мерки за зачувување во тајност на информацијата од став (1) точка 1) од овој член се сметаат, меѓу другото, изработка интерен акт за ракување со деловна тајна и кругот на лица и нивните права и обврски при ракување со деловна тајна, мерките за физичка или електронска заштита на пристапот и ракувањето со деловна тајна, означување на документи со ознака „деловна тајна“ или слична ознака, ограничување на пристап во простории и дадотеки во кои се наоѓаат информации кои се сметаат за деловна тајна или склучување на договор за доверливост, односно неоткривање доверливи информации со лица кои потенцијално можат да дојдат до деловната тајна, вклучително и вработените, деловните партнери, надворешните соработници и консултанти, односно потпишување изјави за доверливост или неоткривање на доверливи информации од страна на наведените лица.

## ВТОР ДЕЛ

## Стекнување, користење и откривање на деловна тајна

### Законско стекнување, користење и откривање на деловна тајна

### Член 3

(1) Стекнување на деловна тајна се смета за законско кога деловната тајна е стекната на некој од следните начини:

1) со независно откритие или создавање;

2) со набљудување, проучување, расклопување или тестирање на производ или предмет што е достапен за јавноста или што е законски во сопственост на стекнувачот на информациите, кој е ослободен од било каква законска обврска да го ограничи стекнувањето на деловна тајна;

3) со остварување на правото на информирање и консултирање на работниците или претставниците на работниците во согласност со посебни прописи или

4) со друго дејствие кое под овие околности е во согласност со добрите деловни обичаи.

(2) Стекнувањето, користењето или откривањето на деловна тајна ќе се смета за законско до мерка до која стекнувањето, користењето или откривањето е потребно или дозволено.

Незаконско стекнување, користење и откривање на деловна тајна

Член 4

(1) Носителите на деловна тајна имаат законско право да бараат мерки, постапки и правни средства предвидени со овој закон заради спречување на незаконско стекнување, користење или откривање на нивната деловна тајна.

(2) Стекнувањето на деловна тајна без согласност на носителот на деловната тајна се смета за незаконско кога деловната тајна е стекната на еден од следните начини:

1) со неовластен пристап, присвојување или умножување на документи, предмети, материјали, супстанции или електронски дадотеки кои се под законска контрола на носителот на деловната тајна, а содржат деловна тајна, или од нив може да се изведе деловната тајна или

2) секое друго постапување кое во тие околности се смета дека е спротивно на добрите деловни обичаи.

(3) Користењето или откривањето на деловна тајна се смета за незаконско кога без согласност од носителот на деловната тајна е извршено од лице за кое ќе се утврди дека исполнува еден од следните услови:

1) деловната тајна ја стекнало незаконски;

2) го прекршило договорот за доверливост или било која друга обврска за неоткривање на деловна тајна или

3) прекршило договорна или било која друга обврска за ограничување на користење на деловна тајна.

(4) Стекнувањето, користењето или откривањето на деловна тајна се смета за незаконско и кога лицето во време на стекнувањето, користењето или откривањето знаело, или во дадените околности требало да знае, дека деловната тајна е стекната директно или индиректно од друго лице кое незаконски ја користело или открило деловната тајна во смисла на став (3) од овој член.

(5) Незаконско користење на деловна тајна се смета и производство, нудење или ставање на пазарот стока со која е причинета повреда, односно увоз, извоз или складирање на стока со која е причинета повреда со цел производство, нудење или ставање во промет, ако лицето кое ги вршело наведените активности знаело, или во тие околности требало да знае дека деловната тајна е користена незаконски во смисла на став (3) од овој член.

## Исклучоци

## Член 5

(1) Одредбите на овој закон за одредување примена на мерки, постапки и правни средства од член 4 став (1) од овој закон нема да се применат ако наводното стекнување, користење или откривање на деловната тајна е направено:

1) заради остварување на правото на слобода на изразување на мислата и информирање, како и правото на слободен пристап на информации, во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Повелбата на Европската унија за основните права, законот со кој се уредува правото на пристап до информации од јавен карактер, како и законот со кој се уредува јавното информирање и медиумите, а во согласност со почитување на слободата и плурализмот на медиумите;

2) заради откривање пропусти, пристапи или незаконски активности, под услов лицето кое ја стекнало, користело или открило деловната тајна да постапувало со цел заштита на јавниот интерес;

3) заради откривање деловна тајна од страна на вработените на нивните претставници, во рамките на законското вршење на функцијата претставник, во согласност со законските прописи под услов откривањето на деловната тајна да било неопходно за законско вршење на функциите на претставниците и

4) за заштита на легитимните интереси утврдени со посебни прописи.

# ТРЕТ ДЕЛ

## Граѓанско-правна заштита

## Лица кои се овластени да бараат заштита на правата

## Член 6

Освен носителот на деловната тајна, заштита на правото од овој закон може да бара и носител на лиценца во онаа мера во која за тоа е овластен врз основа на договор или закон.

## Рок за поднесување тужба

## Член 7

Тужба за повреда на деловна тајна уредена со овој закон, може да се поднесе во рок од три години од денот кога тужителот дознал за повредата и за сторителот, а најдоцна во рок од пет години од денот на сторената повреда.

## Зачувување на доверливоста на деловните тајни во текот на судската постапка

### Член 8

(1) Странките, нивните адвокати или други застапници, судски службеници, сведоци, вештаци и сите други лица кои учествуваат во судските постапки поврзани со незаконско стекнување, користење или откривање на деловни тајни или кои имаат пристап до документи кои се составен дел од судската постапка не смеат да користат или да откриваат деловни тајни или наводни деловни тајни за кои судот, по барање на заинтересираната страна, утврдил дека се доверливи и за кои тие дознале како резултат на нивното учество или пристап до нив.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во сила и по завршувањето на судската постапка, а престанува да постои во следните околности:

1) ако со правосилна одлука се утврди дека наводната деловна тајна не ги исполнува условите утврдени во член 2 став (1) точка 1) на овој закон или

2) ако предметната информација со текот на времето стане општо позната или лесно достапна за луѓето од круговите кои обично се занимаваат со предметниот тип на информации.

(3) Судот на барање на странка може да преземе посебни мерки неопходни за зачувување на доверливоста на која било деловна тајна или наводна деловна тајна што се користи или на која се повикува во текот на судската постапка поврзана со незаконското стекнување, користење или откривање на деловна тајна.

(4) Мерките од ставот (3) на овој член што може да ги преземе судот вклучуваат:

1) исклучување на јавноста од целата постапка или од дел од постапката;

2) ограничување на број на лица кои целосно или делумно ќе имаат пристап до документи поднесени од странки или трети лица, кои содржат деловни тајни или наводни деловни тајни;

3) ограничување на број на лица кои присуствуваат на сослушувањата каде што може да се откријат деловни тајни или наводни деловни тајни и пристап до записници или транскрипти од тие сослушувања и/или

4) ставање на располагање на секое лице, освен на оние опфатени со ограничен број лица од точките 2) и 3) на овој став, на која било судска одлука во недоверлива верзија, во која деловите кои содржат деловни тајни се отстранети или редактирани.

(5) Бројот на лицата од став (4) точка 2) и 3) на овој член не може да биде поголем од потребниот број за да се обезбеди почитување на правата на странките во судската постапка на ефективен правен лек и правично судење, и вклучува најмалку по едно физичко лице од секоја странка и адвокати или други претставници на тие странки во судската постапка.

(6) При одлучувањето за мерките од ставот (3) на овој член и оценувањето на нивната пропорционалност, судот ја зема во предвид потребата да се обезбеди правото на ефективен правен лек и правично судење, легитимните интереси на странките и со оглед на околностите на случајот, правниот интерес на трети лица и штетата што може да настане за која било од страните.

(7) Секоја обработка на лични податоци врз основа на мерките пропишани со овој член се врши во согласност со посебните прописи за заштита на личните податоци.

Барања при повреда на деловна тајна

Член 9

(1) Против сторителот на повредата, носителот на деловната тајна може со тужба да бара утврдување на повредата, престанок на повредата, односно забрана за користење или откривање на деловната тајна.

(2) Против лицето кое со неовластено преземање дејствија предизвикало сериозна закана дека незаконски ќе стекне, користи или открие деловна тајна, носителот на деловната тајна може со тужба да бара престанок на преземањето на тие дејствија и забрана на незаконското стекнување, користење или откривање на деловната тајна.

(3) Барањата од став (1) и (2) од овој член можат да се поднесат и против посредникот кој дава услуги кои трето лице ги користи во дејствијата со кои незаконски стекнува, користи или открива деловна тајна, односно од кои се заканува незаконско стекнување, користење или откривање на деловната тајна.

Барање за одземање и уништување на стоката со која е причинета повредата

Член 10

(1) Против лицето кое незаконски стекнало, користело или открило деловна тајна, носителот на деловната тајна може со тужба да бара судот да:

1) забрани призводство, нудење, ставање во промет или користење на стока со која е извршена повредата;

2) да донесе соодветни мерки во однос на стоката со која е извршена повредата, вклучително од стоката да се отстранат својствата со кои е извршена повредата и уништување на таа стока или нејзино повлекување од пазарот, под услов со повлекувањето да не се загрози заштитата на предметната деловна тајна;

3) да нареди уништување во целост или делумно на сите документи, предмети, материјали, супстанции или електронски списи кои ја содржат деловната тајна или кои сами по себе се деловна тајна или, кога смета дека е соодветно, предавање на тие документи, предмети, материјали, супстанции или електронски списи во целост или делумно на подносителот на барањето.

(2) Судот може на барање на носителот на деловната тајна да нареди да се предаде стоката на носителот на деловната тајна или на добротворни организации.

(3) Мерките од став (1) на овој член судот ќе ги одреди на трошок на причинителот на повредата, освен ако постојат посебни причини да не одлучи така.

(4) Одредување на мерките од став (1) на овој член не влијае на правото на носителот на деловна тајна да побара надоместок за штета предизвикана со незаконско стекнување, користење или откривање на деловна тајна.

Одлучување по барањата

Член 11

(1) При разгледување на барањата од членовите 9 и 10 од овој закон, судот ќе обезбеди мерки сразмерни на природата и интезитетот на повредата. Притоа, ќе ги земе во предвид посебните околности на случајот, вклучително:

1) вредност и други посебни својства на деловната тајна;

2) преземени мерки за заштита на деловните тајни;

3) однесувањето на сторителот на повредата при стекнување, користење или откривање на деловната тајна;

4) ефектот од незаконска употреба или откривање на деловната тајна;

5) легитимни интереси на странките и можниот ефект од прифаќањето или отфрлањето на мерките врз странките;

6) легитимни интереси на трети лица;

7) јавен интерес и/или

8) заштита на основните права.

(2) Доколку судот го ограничи времетраењето на мерките од член 9 и член 10 став (1) точка 1) на овој закон, тоа времетраење мора да биде доволно за да се елиминира секоја комерцијална или економска предност што сторителот на повредата би можел да ја постигне со незаконско стекнување, користење или откривање на деловните тајни.

(3) Мерките од член 9 и член 10 став (1) точка 1) на овој закон се укинуваат на барање на лице кое е предмет на мерките предвидени во членовите 9 и 10 на овој закон, ако предметните информации повеќе не ги исполнуваат условите од член 2 став (1) точка 1) на овој закон од причини поради кои лицето кое е предмет на мерките предвидени во членовите 9 и 10 на овој закон не е директно или индиректно одговорно.

(4) Судот на барање на лице кое е предмет на мерките предвидени во членовите 9 и 10 на овој закон, наместо да ги применува тие мерки, може да нареди да му се исплати на оштетениот паричен надоместок ако се исполнети условите:

1) лицето кое е предмет на мерките предвидени во членовите 9 и 10 на овој закон во моментот на користење или откривање не знаело, ниту во тие околности требало да знае, дека деловната тајна е прибавена од друго лице кое незаконски ја користело или открило деловната тајна.

2) со спроведувањето на предметните мерки би се предизвикала несразмерна штета на лицето кое е предмет на мерките предвидени во членовите 9 и 10 од овој закон.

(5) Доколку наместо мерките одредени во член 9 и член 10 став (1) точка 1) на овој закон, судот одреди паричен надоместок, тој не треба да го надмине износот на надоместокот кој лицето кое ја повредило деловната тајна би го платило доколку законски ја користело деловната тајна за временскиот период за кое користењето на деловната тајна не му било дозволено.

Барање за надомест на штета

Член 12

(1) Против сторителот на повредата кој знаел или требало да знае дека учествува во незаконско стекнување, користење или откривање на деловна тајна, носителот на деловната тајна може со тужба да бара надомест на штета во согласност со општите правила за надомест на штета и правилата за надомест на штета од овој закон.

(2) Против сторителот на повредата кој знаел или требало да знае дека учествува во незаконско стекнување, користење или откривање на деловна тајна и со стекнување, користење или откривање на деловна тајна стекнал некаква корист, носителот на деловната тајна може со тужба да бара враќање или надомест на остварената добивка во согласност со општите правила за стекнување без основа.

(3) Условите од ставовите (1) и (2) на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

(4) При определувањето на висината на надоместокот на штета, судот ќе ги земе во предвид сите околности на случајот, како што се негативните економски последици кои ги претрпел носителот на деловната тајна, вклучително и обичната штета, изгубената добивка и добивката која ја остварил сторителот со повреда на деловната тајна.

(5) Наместо да ја определи висината на штетата според ставот (4) на овој член, судот може кога ќе оцени дека е соодветно, да ја определи висината на штетата на сторителот на повредата кој знаел или требало да знае дека учествувал во незаконско стекнување, користење или откривање на деловна тајна во висина на надоместокот што би можел да се бара доколку сторителот на повредата побарал одобрение за користење на предметната деловна тајна.

Барање за објавување на пресуда

Член 13

(1) Носителот на деловна тајна може да бара правосилната пресуда, која целосно или делумно одговара на барањето за заштита на деловната тајна во случај на незаконско стекнување, користење или откривање на деловна тајна да се објави во медиумите на трошок на сторителот.

(2) Судот во границите на тужбеното барање ќе одлучи во кое средство за јавно информирање ќе се објави пресудата и дали ќе се објави целата пресуда или дел од неа.

(3) Ако судот одлучи да се објави само дел од пресудата, во границите на тужбеното барање, ќе одреди да се објави изреката и оној дел од пресудата од кој се гледа каква повреда е направена.

(4) Со секоја мерка од ставот (1) на овој член се чува доверливоста на деловната тајна предвидена во членот 11 на овој закон.

(5) При одлучувањето дали ќе одреди мерка од став (1) од овој член и оценувајќи ја нејзината пропорционалност, судот ќе ја земе во предвид, онаму каде што е соодветно, вредноста на деловната тајна, однесувањето на сторителот на повредата при стекнувањето, користењето или откривањето на деловната тајна, влијанието на користењето или незаконското откривање на деловната тајна од страна на сторителот на повредата.

(6) Судот, исто така ќе има во предвид дали информациите за сторителот на повредата се такви што би можеле да доведат до идентификација на одредено физичко лице и доколку е така, дали објавувањето на таквите информации би било оправдано, особено ако се има во предвид можната штета што таквата мерка може да ја предизвика за приватноста и угледот на сторителот на повредата.

Привремени мерки

Член 14

(1) На барање на носителот на деловната тајна, кој ќе стори веројатно дека деловната тајна е незаконски стекната, користена или откриена или постои опасност деловната тајна да биде незаконски стекната, користена или откриена судот може да определи привремени мерки и тоа:

1) престанок или привремена забрана на употреба или откривање на деловната тајна;

2) забрана за производство, нудење, ставање во промет или употреба на стоки со кои е направена повредата, односно забрана за увоз, извоз или складирање на стоки со кои е извршена повредата и

3) заплена или одземање на стоки за кои постои сомнение дека со нив е извршена повреда, вклучително и увезена стока, со цел да се спречи нивно ставање во промет.

(2) Наместо определување мерки од став (1) на овој член, судот може да му дозволи на лицето за кое се сомнева дека извршило повреда на деловната тајна да продолжи да ја користи деловната тајна под услов да даде гаранција за обезбедување на надомест на штета на носителот на деловната тајна. Давањето на гаранција не дава право да се открие деловната тајна.

(3) На барање на носителот на деловната тајна кој ќе стори веројатно дека деловната тајна е незаконски стекната, користена или откриена при вршење на дејност, се со цел стекнување економска корист, и со таквата повреда може да настане ненадоместлива штета, покрај привремените мерки од ставот (1) на овој член, судот може да определи и:

1) одземање на движен и недвижен имот во сопственост на лицето против кое се определува привремената мерка, а кој имот не е во непосредна врска со повредата и

2) забрана за располагање со средства на сметки кај финансиските институции и располагање со друг имот.

(4) Заради одредување и спроведување на привремените мерки од ставот (3) на овој член, судот може да бара да се достават банкарски, финансиски и други економски податоци или пристап кон други потребни податоци и документи. Судот е должен да обезбеди доверливост и да забрани каква било злоупотреба на овие податоци.

(5) Привремената мерка од ставот (1) од овој член може да се изрече и без известување на можниот сторител на повредата ако предлагачот на гаранцијата стори веројатно дека во спротивно привремената мерка нема да даде ефект или дека постои опасност од настанување на ненадоместлива штета.

(6) Привремената мерка од ставот (3) од овој член може да се изрече и без известување на можниот сторител на повредата ако предлагачот на гаранцијата докаже дека во спротивно привремената мерка нема да има ефект или дека е тоа неопходно со оглед дека се работи за особено тешки околности на повредата.

(7) Ако привремената мерка е изречена без известување на можниот сторител, судот решението за привремената мерка веднаш по нејзиното спроведување ќе го достави до можниот сторител.

(8) Во решението за привремена мерка судот ќе определи и траење на таа мерка. Доколку мерката е определена пред поднесувањето на тужба, рокот во кој предлагачот на гаранцијата мора да поднесе тужба заради докажување на оправданоста на тие мерки, не може да биде подолг од 30 дена од денот на доставувањето на решението на предлагачот.

(9) За постапките за определување привремени мерки се применуваат прописите за обезбедување на побарувањата, доколку не е поинаку определено со овој закон.

Одлучување за привремените мерки

Член 15

(1) За да стори веројатно дека деловната тајна е незаконски стекната, користена или откриена или дека постои опасност деловната тајна да биде незаконски стекната, користена или откриена, судот од тужителот ќе побара да достави докази кои укажуваат дека постои деловна тајна, дека предлагачот е носител на таа деловна тајна и дека деловната тајна е незаконски стекната, користена или откриена или дека постои опасност деловната тајна да биде незаконски стекната, користена или откриена.

(2) При разгледување на барањето за донесување привремени мерки од член 14 од овој закон, судот ќе внимава тие да бидат сразмерни на природата и интезитетот на повредата. Притоа ќе ги земе во предвид посебните околности на случајот, вклучително:

1) вредност и други посебни својства на деловната тајна;

2) преземени мерки за заштита на деловните тајни;

3) однесувањето на сторителот на повредата при стекнување, користење или откривање на деловната тајна;

4) ефектот од незаконско користење или откривање на деловната тајна;

5) легитимни интереси на странките и можниот ефект од прифаќањето или отфрлањето на мерките врз странките;

6) легитимни интереси на трети лица;

7) јавен интерес и/или

8) заштита на основните права.

(3) Мерките од член 14 од овој закон ќе се укинат, на барање на тужениот, ако:

1) тужбата поради повреда на деловната тајна не биде поднесена во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението за определување на привремена мерка и

2) предметната информација не ги исполнува одредбите од член 2 став (1), точка 1) од овој закон, од причини поради кои лицето кое е предмет на мерките не е директно или индиректно одговорно.

(4) Доколку постапката се прекине и дејствијата од став (3) точка 1) на овој член се откажат, или ако судот утврди дека не било повредено правото или немало сериозна закана дека ќе биде повредено правото, лицето против кое е одредена привремената мерка има право на надомест на штета настаната со привремената мерка.

Итност на постапка

Член 16

Мерките, постапките и правните лекови предвидени со овој закон треба да бидат:

- фер и правични,
- ефективни и убедливи и
- итни.

Пропорционалност

Член 17

(1) Мерките, постапките и правните лекови предвидени со овој закон ќе се применуваат на следниот начин:

1) пропорционално;

2) со избегнување на создавање бариери за легитимната трговија на пазарот и

3) со обезбедување на заштитни мерки против злоупотреба.

Примена на други закони

Член 18

(1) Во постапките од граѓанско-правната заштита на деловната тајна, соодветно се применуваат одредбите на законот со кој се уредува парничната

постапка и законите со кои се уредуваат постапките за извршување и обезбедување.

(2) За одредбите од овој закон во врска со надомест на штета, а кои не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот со кој се уредуваат облигационите односи.

## ЧЕТВРТИ ДЕЛ
## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ
### Член 19

(1) Глоба во износ од 4.000,00 до 8.000,00 евра во денарска противвредност надлежниот суд ќе му изрече на правното лице за прекршок доколку незаконски стекне, користи или открие деловна тајна.
(2) Глоба во износ од 1.000,00 до 1.500,00 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 700,00 до 1.200,00 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

## ПЕТТИ ДЕЛ
## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### Влегување во сила
### Член 20

Овој закон влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник на Република Северна Македонија”, освен одредбите од членот 5 став (1) точка 1), во делот што се однесува на примената на прописите на Европската унија, кои се применуваат од датумот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија.